Република Северна Македонија
Државен завод за статистика

МАКСТАТ

# ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ

**Во согласност со Законот за државната статистика[1] и со принципите на Кодексот за работа на европската статистика, Државниот завод за статистика го гарантира квалитетот на статистичките продукти и услуги. Ова се однесува на следните критериуми за квалитет:**

**– релевантност**

**– точност и вероодостојност**

**– навременост и прецизност**

**– кохерентност и споредливост**

**– достапност и јасност.**

**Државниот завод за статистика се обврзува на примена на следните принципи:**

- Стручна независност

Како стручна и независна институција, Државниот завод за статистика продуцира статистички податоци со користење статистички методи и стандарди кои се меѓународно прифатени.

- Посветеност на квалитетот

Со почитување на основните принципи за управување со квалитет, Државниот завод за статистика произведува висококвалитетни статистички податоци и обезбедува нивна хармонизација, но истовремено покажува лидерство и соработка со надворешни субјекти, се грижи за задоволството на вработените и за постојано подобрување на квалитетот.

- Задоволство на корисниците и на клиентите

Државниот завод за статистика постојано работи за да ја намали оптовареноста на давателите на податоци и посветува големо внимание и грижа за исполнување на очекувањата и потребите на корисниците на статистичките продукти и услуги.
Заложбите на институцијата се во насока на одржување на континуитетот и управувањето со трошоците за статистичките податоци преку ефикасна продукција.

**Овие принципи се во согласност со мисијата, визијата и среднорочните стратегиски приоритети на Државниот завод за статистика, како и со Петгодишната програма за статистички истражувања. Тие се составен дел од системот за управување со квалитет на ДЗС, а усогласеноста со овие принципи е обезбедена преку процеси, процедури и инструменти, вклучувајќи и соодветна организациска структура и методи за алокација на човечките и финансиските ресурси на Заводот.**

---

[1] Закон за државната статистика („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013, 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18, 31/20)
http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx